ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 08 – 141/7**

**Дата: 07.09.2010**

**ДО**

**АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за планирање на просторот- сметка за редовно работење за 2009 година.
Препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година се делумно спроведени.
Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи, поради нецелосно извршен попис.
Изразено е мислење без резерва во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Агенцијата за планирање на просторот функционира од 2006 година. Во преодните и завршни одредби на Законот за просторно и урбанистичко планирање предвидено е со отпочнување на работењето на Агенцијата за просторно планирање, Јавното претпријатие да престане да постои. Владата на Република Македонија во Март 2006 година донела Одлука, за покренување постапка за бришење на Јавното претпријатие од Централниот регистар. Одлуката, сеуште не е спроведена.
Од страна на Агенцијата добиено е известување за преземени мерки во делот на целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските (точка 4.1.1. од Извештајот).

---

**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор**

*1.*__________________________ _________ ________________

*2.*__________________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за планирање на просторот, кои се состојат од Билансот на приходи и расходи и Билансот на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите на Агенцијата за планирање на просторот за 2006 година. Поради значењето на прашањата изнесени во извештајот, изразено е мислење дека финансиската состојба и резултатот од финансиските активности на Агенцијата за планирање на просторот не се вистинито и објективно прикажани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти и во согласност со важечката законска регулатива, како и мислење без резерва во однос на законското и наменското трошење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Огнен Апостоловски директор на Агенцијата

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола, релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на разумни сметководствени проценки во дадените околности.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски

доказ за тоа дали приходите и расходите на Агенцијата за планирање на просторот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на

финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 01/06/2010 до 30/06/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2006 година. Во однос на препораките на овластениот државен ревизор дадени во Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за планирање на просторот за 2006 година е утврдено следното:

- Превземени се мерки за утврдување на фактичката состојба на средствата и изворите кои Агенцијата ги презела од Јавното претпријатие,
- Спроведена е препораката во однос на правилна пресметка на амортизација на постојаните средства,
- Одредбите од Законот за јавни набавки се спроведуваат во целост.
- Не се спроведени препораките во делот на преиспитување на актот за организација и систематизација, односно и понатаму заради недоволниот број на вработени се ангажираат подружниците за исти работи кои ги извршува Агенцијата;

Дел од препораките кои влијаат на работењето на Агенцијата, а нивното спроведување зависи од други институции не се спроведени.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги опфаќа овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата – предмет на ревизија.

Од страна на Агенцијата добиено е писмо број 03-1786 од 27.08.2010 година, а заверено во Државниот завод за ревизија под број 08-141/6 од 27.08.2010 година со кое известуваат за преземените мерки и активности во делот на целосно спроведување на пописот на средствата, побарувањата и обврските.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Агенцијата нема целосно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските. Имено, со ревизијата се констатира дека:

- Во пописните листи нема вредносни показатели на основните средства, со што не е овозможено усогласување на фактичката со сметководствената состојба, а дел од основните средства немаат

инвентарни броеви, со што се доведува во прашање точното потврдување на фактичката состојба на истите од страна на комисијата за попис;
- Не е утврдена старосната структура на побарувањата и обврските, што е значајно за преземање соодветни мерки за нивна наплата, односно измирување.

Врз основа на констатациите наведени во Нацрт извештајот, во Агенцијата преземени се мерки, при што е утврдена старосната структура на побарувањата и обврските.

5. **Ревизорско мислење:**

Според наше мислење, освен наведеното во точката 4.1, финансискиот извештај Биланс на состојба ја претставува вистинито и објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата за планирање на просторот на ден 31 декември 2009 година.
Резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, вистинито и објективно е претставен во финансискиот извештај Биланс на успех, согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

6. **Системски слабости**

**6.1.1.** Агенцијата за планирање на просторот, како правен наследник на Јавното претпријатие, а во функција на реализирање на Програмата на Владата на Република Македонија, соработува со подружниците на истото, пререгистрирани во друштва со ограничена одговорност. При трансформирање на Јавното претпријатие, подружниците се издвоени од претпријатието и покрај тоа што во Законот за јавни претпријатија е дефинирано дека издвојувањето е можно во случај кога:
- подружницата може непречено да продолжи со работа и да функционира посебно;
- нема да ја врши основната дејност на јавното претпријатие односно нема да врши стопански дејности кои со закон се утврдени како дејности од јавен интерес.

Подружниците се формирани со основачки капитал во кој доминантно учество има јавното претпријатие, односно Агенцијата (од 52 до 96%) и прераснале во друштва со ограничена одговорност, т.е. се пререгистрирале согласно Законот за трговски друштва. Со истите се склучени договори

според кои пропишано е право на Агенцијата во учество при распределување на остварената добивка кај подружниците во вид на дивиденда, а доколку искажат загуба од работењето истата треба да се покрие сразмерно на основачкиот влог. Во изминатиот период подружниците немаат остварено добивка што би претставувало дивиденда за распределување.

Ревизијата смета дека:

- Просторниот план на Република Македонија, како и Генералните урбанистички планови се стратешки планови од исклучително значење за државата, кои, овластена државна институција треба да ги изработува, да гарантира за нивниот квалитет како и да ја следи нивната реализација.
- На овој начин на организирање на работата доведува до одлевање на значаен дел од средствата утврдени со Програмата на Владата Република Македонија во друштвата со ограничена одговорност.

**Препорака:**

Во функција на ефикасно спроведување на контролата на квалитет на Просторните и на Генералните урбанистички планови, во одредбите од Законот за просторно и урбанистичко планирање да се изврши јасно дефинирање на носителите на правото на реализирање на Програмата на Владата на Република Македонија.
Имајќи ја предвид состојбата на реализација на просторното и урбанистичко планирање, носител на правото на реализирање на Програмата на Владата треба да биде единствено Агенцијата за планирање на просторот, која, како овластена државна институција, треба на државно ниво да обезбеди Централен регистар на просторни и урбанистички планови, со цел рационално уредување и користење на просторот во Републиката.

**6.1.2.** Во преодните и завршни одредби на Законот за просторно и урбанистичко планирање предвидено е со отпочнување на работењето на Агенцијата за просторно планирање, Јавното претпријатие да престане да постои, Одлуката на Владата на Република Македонија од 16 Март 2006 година, за покренување постапка за бришење на Јавното претпријатие од Централниот регистар, требало да ја спроведе Министерството за животна средина и просторно планирање во најкус можен рок. До денот на ревизијата Одлуката на Владата не е спроведена, а Јавното претпријатие сеуште постои во регистарот.

**Препорака:**

Министерството за животна средина и просторно планирање да ја спроведе Одлуката на Владата на Република Македонија, односно да ја заврши постапката за бришење на Јавното претпријатие од Централниот регистар.

7. **Нагласување на прашања на неизвесност**

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – Модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5, се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансиските извештаи, но истиот нема влијание на ревизорското мислење.

Агенцијата за планирање на просторот ја реализира Програмата на Владата на Република Македонија во делот на просторното и урбанистичкото планирање на просторот на Република Македонија. Како правен наследник на Јавното Претпријатие, работењето го започнува со неизмирени обврски кон добавувачите во износ од 2,516 илјади денари, како и пренесени обврски кон вработените за неисплатени плати, надоместоци за храна, превоз и регрес за годишен одмор од претходни години во износ од 12,334 илјади денари. Во периодот од основањето до денес, Агенцијата остварува добивка, ги плаќа пренесените обврски, кон добавувачите и вработените, ги реализира програмите на Владата и покрај тоа што ресорните министерства, не ги трансферирале сите средства наменети за реализација на истите. На крајот од 2009 година, Агенцијата има побарување од Министерството за транспорт и врски и од Министерството за животна средина и просторно планирање во вкупен износ од 23,460 илјади денари.

Скопје, 03/09/2010 година

**Агенција за планирање на просторот**
**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 56,992 | 94,133 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **56,992** | **94,135** |
| Материјални трошоци | 26,838 | 29,435 |
| Трошоци за бруто плати | 21,660 | 13,860 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 1,099 | 431 |
| Останати оперативни трошоци | 4,257 | 5,013 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **53,854** | **48,986** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 137 | 36 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 2,098 | 4,982 |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 1,177 | 40,203 |
| Вонредни приходи | 184 | 119 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 1,361 | 40,322 |
| **Даноци и придонеси** | **(49)** | - |
| ДОБИВКА | 1,410 | 40,322 |

**Агенција за планирање на просторот**
БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 11,675 | 47,628 |
| Побарувања по основ на продажба | 36,430 | 1,599 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 358 | 358 |
| Други краткорочни побарувања | 228 | 2,882 |
| Платени трошоци за идните периоди | 5,152 | 358 |
| **Вкупно тековни средства** | **53,843** | **52,825** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 3,641 | 2,962 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 505 | 505 |
| **Вкупно нетековни средства** | **4,146** | 3,467 |
| **Вкупна актива** | **57,989** | **56,292** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 1,126 | 3,580 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 2,055 | 2,055 |
| Останати краткорочни обврски | 6,811 | 3,888 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **9,992** | **9,523** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 7,214 | 7,214 |
| Резерви | 50,695 | 19,928 |
| Добивка за финансиска година | 1,349 | 30,888 |
| Пренесена загуба | (11,261) | (11,261) |
| **Вкупно капитал и резерви** | **47,997** | 46,769 |
| **Вкупна пасива** | **57,989** | **56,292** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Капитал | Резерви | Непокриена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **7,214** | **19,928** | **(11,261)** | **15,881** |
| Уплати на акции | | - | | **-** |
| Распределба на добивката за 2008 година во корист на капиталот и резервите | | 30,767 | | **30,767** |
| Распределба на добивката за 2008 година за дивиденди | | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **7,214** | **50,695** | **(11,261)** | **46,648** |

Ревизорски тим:
1.________________________
2.________________________

Овластен државен ревизор
________ ________________